Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 03-4377/3
01.12. 2014 год.
СКОПЈЕ

ГРАВЕ
осигурување а.д.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОСИГУРАНИ СУМИ

**ЛВ 80031**


Член 1. Примена на условите

Член 2. Исклучување на примена на условите

Член 3. Прилагодување на осигурената сума на дополнително осигурување

Член 4. Прилагодување на осигурената сума и учество во добивката


### Примена на условите

### Член 1.

Одредбите од овие услови се употребуваат кога осигурената сума изнесува 3.500 Евра или повеќе во протввредност на домашната валута.

Осигурената сума се менува во согласност со статистичките податоци за индексот на трошоците за живот во Австрија. Прилагодувањето на осигурената сума се врши ако порастот на трошоците за живот од почетокот на траењето на осигурувањето, односно од последното прилагодувањето на осигурената сума е поголем од 5% и предизвикува пораст на премијата поголем од 5%.

Прилагодувањето на осигурената сума се врши секоја осигурителна година.

Во согласност со зголемувањето на осигурената сума се врши и зголемување на премијата за осигурување за наредниот период на траење на договорот за осигурување.

При пресметувањето на зголемената осигурителна премија се применуваат одредбите за попуст на висината на осигурената сума, ако тоа е предвидено со тарифа како и доплати на премијата за осигурување без здравствен преглед.

За наведеното прилагодување не е потребен лекарски преглед.

### Исклучување на примената на условите

### Член 2.

Посебните услови за прилагодување на осигурените суми не се применуваат:

- ако договарачот на осигурувањето не сака прилагодување на осигурената сума,

- пет години пред истекот на договорот за осигурување, доколку нешто друго посебно не е договорено и

-ако осигурувањето е делумно или во целост откажано или е изменето осигурувањето кое е ослободено плаќање на премија (капитализирано).

### Прилагодување на осигурената сума за дополнително осигурување од несреќен случај за случај на смрт

### Член 3.

Зголемувањето на годишната осигурителна премија се однесува на осигурување на живот. Ако е склучено и дополнително осигурување за случај на смрт, осигурената сума за тоа дополнително осигурување се зголемува во согласност со зголемените осигурени суми за основното осигурување на живот.

Осигурената премија за дополнителното осигурување од последици на несреќен случај за случај на смрт исто така ќе зголемат во согласност со зголемената осигурана сума.

### Прилагодување на осигурената сума и учество во добивката

### Член 4.

Согласно одредбата од чл.20 од Општите услови за осигурување на живот со право на учество во добивката, договарачот на осигурувањето има право на учество во добивката и на зголемена осигурена сума ако таа зголемена осигурена сума постои најмалку две години.

За годината во која е зголемена осигурената сума договарачот на осигурувањето нема право на добивка на зголемениот дел од осигурената сума).

Извршен директор на Одбор на директори,
Марко Микиќ

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ

Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 03-436/3
01. 12. 2014 год.
СКОПЈЕ

ГРАВЕ
осигурување а.д.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОСИГУРАНИ СУМИ

## ЛВ 80031 / 3

Член 1. Примена на условите
Член 2. Исклучување на примена на условите
Член 3. Прилагодување на осигурената сума на дополнително осигурување
Член 4. Прилагодување на осигурената сума и учество во добивката

### Примена на условите

**Член 1.**

Одредбите од овие услови се употребуваат кога осигурената сума изнесува 3.500 Евра или повеќе во протввредност на домашната валута.

Согласно договорениот фиксен индекс, на почетокот на секоја осигурителна година, по истекот на првата осигурителна година, осигурената сума се зголемува за фиксен индекс од 2%.

Во согласност со зголемувањето на осигурената сума се врши и зголемување на премијата за осигурување за наредниот период на траење на договорот за осигурување.

При пресметувањето на зголемената осигурителна премија се применуваат одредбите за попуст на висината на осигурената сума, ако тоа е предвидено со тарифа, како и доплати на премијата за осигурување без здравствен преглед.

За наведеното прилагодување не е потребен лекарски преглед.

Ако договарачот на осигурување изврши уплата на зголемената премија, се смета дека е согласен со зголемувањето.

Договарачот на осигурување може во рок од 30 дена од приемот на додадатокот на полисата на осигурување да побара укинување на фиксниот индекс.

### Исклучување на примената на условите

**Член 2.**

Посебните услови за прилагодување на осигурените суми не се применуваат:

- ако договарачот на осигурувањето не сака прилагодување на осигурената сума или побара укинување на фиксниот индекс,
- пет години пред истекот на договорот за осигурување, доколку нешто друго посебно не е договорено и
- ако осигурувањето е делумно или во целост откажано или е изменето осигурувањето кое е ослободено плаќање на премија (капитализирано).

### Прилагодување на осигурената сума за дополнително осигурување од несреќен случај за случај на смрт

**Член 3.**

Зголемувањето на годишната осигурителна премија се однесува на осигурување на живот. Ако е склучено и дополнително осигурување за случај на смрт, осигурената сума за тоа дополнително осигурување се зголемува во согласност со зголемените осигурени суми за основното осигурување на живот.

Осигурената премија за дополнителното осигурување од последици на несреќен случај за случај на смрт исто така ќе зголемат во согласност со зголемената осигурана сума.

### Прилагодување на осигурената сума и учество во добивката

**Член 4.**

Согласно одредбата од чл.20 од Општите услови за осигурување на живот со право на учество во добивката, договарачот на осигурувањето има право на учество во добивката и на зголемена осигурена сума ако таа зголемена осигурена сума постои најмалку две години.

За годината во која е зголемена осигурената сума договарачот на осигурувањето нема право на добивка на зголемениот дел од осигурената сума.

Извршен директор на Одбор на директори,
Марко Миќиќ

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ